УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# З Б О Р Н И К

## НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА
## „НАСТАВНИКОТ – НЕКОГАШ, ДЕНЕС, УТРЕ “

Штип, 2015

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

**НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА**

# ***„НАСТАВНИКОТ – НЕКОГАШ, ДЕНЕС, УТРЕ “***

***(одржана на 5. 10. 2013 година, Штип)***

***2015, Штип***

**За издавачот:**
проф. д-р Никола Смилков, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска
доц. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки одбор – Editorial Board:**
проф. д-р Снежана Јованова Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
доц. д-р Кирил Барбареев
доц. д-р Билјана Попеска
пом.асс. м-р Јадранка Рунчева

**Јазично уредување - Language Editor:**
Марија Иванова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Техничко уредување – Technical Editing:**
доц. д-р Билјана Попеска
пом.асс. м-р Јадранка Рунчева

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

371.124(497.7)(062)

НАСТАВНИКОТ некогаш, денес, утре [Електронски извор] : научно-стручна трибина. - Текст во PDF формат. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за образовни науки, 2014

Начин на пристап (URL): http://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php. - Фусноти кон текстот. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 12.11.2014. - Abstracts кон трудовите. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-116-0

а) Наставници - Улога и функција - Воспитно-образовен процес - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 97349898

# СОДРЖИНА

Предговор

Снежана Мирасчиева
НАСТАВНИКОТ - НЕКОГАШ И ДЕНЕС ..... 5

Владо Петровски, Даниела Коцева
НАСТАВНИКОТ - СОВРЕМЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ..... 11

Јулијана Мијалов
НАСТАВНИКОТ ПОТТИКНАТ ОД МИНАТОТО; СПРЕЧЕН ВО ДЕНЕШНИЦАТА ..... 23

Лидија Јовановска, Убавка Шаклева
КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИКОТ ..... 23

Снежана Јованова - Митковска
ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ УЛОГИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА ВОСПИТУВАЧОТ ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО ..... 29

Деспина Сивевска, Билјана Пешова, Билјана Попеска
КАРАКТЕРИСТИКИ НА (НЕ)УСПЕШЕН НАСТАВНИК ..... 37

Милена Јакимовска
АВТОРИТЕТОТ НА НАСТАВНИКОТ НЕКОГАШ И ДЕНЕС ..... 46

Трајче Стојанов
ВО ОДБРАНА НА EX CATHEDRA ..... 50

Емилија Петрова - Ѓорѓева
НОВИ ПРИСТАПИ НА ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦАТА ВО СОВРЕМЕНИ УСЛОВИ ..... 54

Елена Мирасчиева
НАСТАВНИКОТ ВО ИНДИВИДУАЛНАТА НАСТАВА ПО ФЛЕЈТА ДЕНЕС ..... 59

Соња Петровска
СОРАБОТКАТА СО РОДИТЕЛИТЕ - ПРЕДИЗВИК ЗА НАСТАВНИЦИТЕ ВО 21 ВЕК ..... 66

Билјана Попеска
СТАВОВИТЕ НА НАСТАВНИКОТ И ЛИЧНИТЕ АФИНИТЕТИ – ДЕТЕРМИНАНТИ ЗА ЕФИКАСНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИЗИЧКОТО ВОСПИТАНИЕ ..... 72

Виолета Петковска
ПРИМЕРИ ЗА ПРАКТИЧНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЧАСОВИ ЗА ЛИКОВНО-ЕСТЕТСКА ПРОЦЕНА ..... 80

Јтип
Вараждинске

эт 1988),
ор

УДК: 37.091.12:005.962.131

# ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ УЛОГИ И ПРЕДИЗВИЦИ НА ВОСПИТУВАЧОТ ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО

Снежана Јованова-Митковска[1]

[1] *Факултет за Образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ , Штип*

Апстракт
Образованието во 21-от век ја има клучната улога во решавањето на бројните противречности со кои се соочува модерното, современо општество. На него му се потребни образовани луѓе кои ќе поседуваат квалитетни знаења и компетенции, кои ќе придонесат кон напредокот и развојот на општеството во целина. Клучниот фактор во образовниот процес е учителот (наставникот, воспитувачот). Од него се бара да биде отворен кон промените во парадигмите на образованието, целите, формите, содржините и методите на настава и учење, научните сознанија. Му се поставуваат бројни задачи, барања кои бараат нови и нови улоги. Оттаму, како клучни прашања кои си ги поставивме и се предмет на расправа на овој труд се прашањата: Кои и какви компетенции поседуваат/треба да поседуваат воспитувачите? Дали иницијалното образование на воспитувачот може да им ги обезбеди ним сите потребни компетенции за да се справат со препреките, новите предизвици во модерното општество? Кон што треба да биде насочен професионалниот развој на воспитувачот, за да може тој успешно да одговори на потребите на заедницата, потребите на општеството кое учи, се развива?
Клучни зборови: учител, иницијално образование, компетенции, професионален развој

# TEACHER PROFESSIONAL ROLES AND CHALLENGES IN MODERN SOCIETY

Snezana Jovanova-Mitkovska[1]

[1] *Faculty of Educational sciences, University “Goce Delcev”, Stip*

Abstract
Education in 21$^{st}$ century has the key role in addressing many contradictions with which modern contemporary society is faced. It needs educated people who possess quality knowledge and competences which will contribute the progress and development of the society as a whole. The teacher (teacher in primary, secondary schooll, preschool teacher) is the key factor in the educational process. He/she is required to be open to change in the paradigms of education, goals, forms, contents and methods of teaching and learning and scientific knowledge. A number of tasks and requirements which mean new roles for teachers is set. Hence, we we ask the key queastion which are the subject of disscussion in this paper such as: Which and what kind of competences do/should teachers have? Can initial teacher education provide them with the necessary competences that help them deal with many obstacle and new challenges in modern society? What should teachers' proffesional development be directed to in order to succesfully meet the needs of the community and the needs of the society that is learning and developing?
Key words: teacher, initial teacher education, professional development, competences

*Добриот наставник е секогаш мирен, не го вадиш од такт,*
*Нема предрасуди.*
*Своите чувства не ги изразува пред учениците, знае да ги сокрие*
*Создава такви услови за учениците со кои ги поттикнува нив на учење, ја буди нивната љубопитност, го одржува редот и дисциплината во одделението.*
*Нема љубимци во одделението - сите деца за него се исти,*
*Секогаш е единствен не го менува расположението, не заборава, не прави грешки*
*Знае да одговори на прашања*
*Добрите наставници взаемно се надополнуваат - без разлика какви им се меѓусебните односи.*
*И наставниците се луѓе*
**Гордон**

Современото општество во кое живееме, современиот, модерен образовен контекст неминовно нè поставува и пред прашањето за промена на улогите, компетенциите, професионалниот развој на еден од клучните фактори во воспитно-образовниот процес – учителот (наставникот, воспитувачот). Од наставникот, како носечка професија во образованието, се бара да биде отворен кон промените во парадигмите на образованието, целите, формите, содржините и методите на настава и учење, научните сознанија" (Квалитет на образованието за сите, 2004:32).

Пред воспитувачот/ наставникот, учителот во денешно време се поставуваат бројни задачи, барања кои бараат нови и нови улоги. Тој е личноста која го води воспитно образовниот процес, педагошкиот водач, личноста која пренесува информации, координаторот на педагошката комуникација, модел за интелектуалното однесување на децата/учениците, извор на мотивација за работа, модел за професионална идентификација, процѐнувач на стекнатите знаења, умеења, навики, вештини на децата/учениците и нивното однесување, партнер на родителите, соработниците, децата/ учениците, локалната заедница, администратор, презентер на содржини, помагач во создавање на навики кај децата/ученици, непресушен извор на знаења, регулатор на социјалното однесување на детето/ученикот во детската градинка/училиштето, дијагностичар и стимулатор на личните, социјалните, когнитивните, емоционалните способности, вештини, вредности на учениците, што овозможува континуиран напредок на учењето, креатор на условите за остварување и самоостварување на личноста, соработник во организацијата на активностите кои поаѓаат одд ученикот, истражувач во подрачјето на воспитанието и образованието, член на различни тимови, стручњак со висок степен на автономија,...

Ова се само дел од улогите кои треба да ги исполни воспитувачот во предучилишниот воспитно-образовен систем чија реализација пак, е условена од поседувањето на:

- *општочовечки квалитети* како: висок степен на iq и eq (класична и емоционална интелегенција), општествени способности, емпатија, самоконтрола, моќ на расудување, вербални способности, способност за интерперсонално влијание врз однесувањето, ставовите, мислењето, поведенијата на децата/учениците;
- *педагошки квалитети*: да биде педагошки водач, да го овозможи процесот на учење, да обезбеди квалитетно учење и поучување, да биде советник, да дава пример, да не е пристрасен, да биде праведен,постојан;
- *стручни квалитети*: да биде експерт од својата област, да има предизвик во поучување и учење, да има висок степен на вербална, писмена, информатичка писменост; демонстрација на стратегии, модели на учење и

подучување, да посветува внимание на својот професионален развој, да ги структурира семинарите, изведба на идеите од семинарите во занималната, способност за оптимално искористување на емоционалните и духовните ресурси во училницата; насоченост на перманентно - стручно усовршување; создавање клима на големи очекувања во училницата; мотивираност за тимска работа; способност за кооперативно-партиципативни односи; следење на динамиката на процесот на учење во училницата; како висок степен на досигната професионална етика; итн...

Наведеново, нè упати да поставиме неколку клучни прашања: Кои и какви компетенции поседуваат/треба да поседуваат воспитувачите? Дали иницијалното образование на воспитувачот може да им ги обезбеди ним сите потребни компетенции за да се справат со препреките, новите предизвици во модерното општество? Кон што треба да биде насочен професионалниот развој на воспитувачот, за да може тој успешно да одговори на потребите на заедницата, потребите на општеството кое учи, се развива?

*Кои и какви компетенции поседуваат/треба да поседуваат воспитувачите?*

Според ЕНТЕП компетентниот едукатор на 21-от век треба да ги поседува сите карактеристики на традиционално сфатен „добар“ едукатор, но и да стекне низа на нови компетенции кои ќе му овозможат да земе учество во „доживотното учење во општеството на знаења, да ја развие европската димензија на образованието, да го подигне статусот на својата професија во јавноста и довербата и квалификациите, да промовира мобилност на едукатори во Европа.

Експертската група на Европската комисија ги има поставено следните компетенции кои треба да ги поседува учителот (наставникот, воспитувачот):

- оспособеност за нови начини на работа (употреба на соодветни пристапи со оглед на социјалната, културна и етичка различност на учениците, организација на оптимална мотивирачка околина чија цел е да се поттикне и да се направи полесен процесот на учење, тимска работа (поучување) со други колеги и стручни соработници кои учествуваат во воспитно-образовниот процес со истите ученици;
- оспособеност за нови работни задачи вон училницата и со социјалните партнери (развивање на училишен курикулум – во децентрализираните системи, организација и евалвација на воспитно-образовната практика, соработка со родителите и другите социјални партнери;
- оспособеност за развивање на нови компетенции и нови знаења кај учениците - развивање на способности на учениците за доживотно учење во општеството на знаења (да се учи како треба да се учи);
- развивање на сопствената професионалност (истражувачки пристап насочен кон решавање на проблеми, одговорно насочување на сопствениот професионален развој во процесот на доживотно учење);
- употреба на информатичко комуникациските технологии во формални ситуации).

Поконкретно одредување на компетенциите имаме кај Јанковиќ, П. (2007) кој ги одредува следните компетенции:

- познавање на теоријата и практиката на воспитанието (посебно знаења во врска со развојот и воспитанието на деца);

- оспособеност за сопствено доживотно учење и професионален развој (посебно во вид на иновации денес познати под називот „акциони истражувања), односно решавање на проблеми во практиката како посебен вид на стручно усовршување во партнерство со децата, колегите и родителите) (Пешиќ, М., 1998);

- знаења и способности за критичко размислување, истражувачка работа и решавање на практични проблеми;

- поседување на т.н. педагошки способности или „педагошки компетенции" (А. Стојановиќ, 2006) во смисла вештини на приближување на децата помалку разбирливи и сложени појави во природи и општеството;

- знаења и способности потребни за сопствено креирање на воспитно-образовни планови и програми;

- знаења и способности потребни за создавање на воспитно-стимулативна атмосфера во градинката;

- вештини за работа со мали групи и одделни деца;

- осетливост за развојните проблеми и потреби на одделни деца;

- способности за тимска работа во колективот на воспитувачи или партнерско дејствување на релација воспитувач-родител или воспитувач-други стручни лица;

- знаење и способности за евалвација и самоевалвација;

- оспособеност за користење на нови образовни и информациони технологии;

- вештини на комуницирање (вербално, со говор на телото, средства за ликовно или музичко изразување, емпатиско комуницирање и сл.);

- Интерес за иновации;

- Способност за анимација охрабрување на деца итн.

Понудената листа на компетенции навистина ги одразува најнеопходните компетенции кои треба да ги поседува еден воспитувач кој работи во предучилишна установа. Овде би ги додале и оспособеноста за работа во мултиетничка, мултикултурна средина, оспособеноста за препознавање, превенирање на различни облици на насилно однесување, како и оспособеноста на воспитувачот за интеркултурна комуникација.

Многу малку се и скромни се теориските извори во нашата земја кои се занимаваат со компетенциите на воспитувачите иако тие се пресудни за брза трансформација на детските установи, иако се понудени и денес се работи на креирањето на компетенции на наставникот, наставничката професија во 21-от век, сепак, постојат битни специфичности на воспитувачката професија кои бараат поинакво одредување на тие компетенции. Навистина, сите ние од оваа фела сме повикани да проговориме и да побараме одговор, да понудиме лепеза на компетенции кои би требало да ги поседува секој воспитувач.

Паралелно со ова прашање се и прашањата поврзани со стандардите за воспитувачи, одредени како научно втемелен и усогласен опис на посакувани компетенции и однесувања кои водат кон висококвалитетна практика. Стандардите би претставувале водич на воспитувачите во нивниот професионален развој, основа за дијалог, рефлексија и поставување на развојни цели или рамка за следење, евалвирање и унапредување на квалитетот на воспитанието и образованието и поставување на долгорочни цели на професионалниот развој. Можат да имаат повеќекратна функција - развивање на курикулум во додипломско образование, евалвација и истражување, работа на документација, основа за професионален развој,

евалвација на работа на пред установа како целина.... алат за професионалниот развој на воспитувачот – воспитувач кој ќе планира, ќе ја следи и документира работата на децата, секојдневно ќе ја рефлектира сопствената практика, ќе го анализира сопственото дејствување и постапките од аспект на постигнатите ефекти, т.е. постојано ќе си ги поставува прашањата: Како да ја унапредам сопствената работа? Што можам да направам сам? Каква помош ми е потребна и од кого?

*Каде и како се стекнуваат воспитувачите со овие компетенции?*

Основата, базата за изведување на оваа благородна дејност, воспитувачите ја стекнуваат во високото образование, на Факултетите за едукација на воспитувачи, Учителските, Педагошките факултети, Факултетот за образовни науки, Институтите за педагогија на кои постојат посебни студиски програми за едукација на воспитувачи во траење од четири години, на кои се запишуваат кандидати по личен избор, без некоја посебна селекција. Во врска со ваквиот начин на избор на кандидати, а имајќи го во предвид сознанието дека волјата, мотивацијата, љубовта кон децата, солидната претходна основа за продолжување во образованието на наставничките факултети, се основата за условот за избор на оваа професија, се поставува и прашањето за начинот на кој се врши изборот на кандидати за прием на факултетите за образование на наставници, воспитувачи. Во повеќето европски земји, селекцијата на кандидати се изведува по пат на приемни испити. Се поставува прашањето: Како? Имено, на Меѓународната конференција во Сомбор, на која тема на дискусија беа приемните испити на наставничките факултети, а согласно сознанијата за прием на кандидати во други европски земји, селекцијата на кандидати во Финска која се однесува на потребните и неопходни посебни препораки од наставен кадар, волонтерство, пишување на есеј за претходно гледан документарен филм поврзан со педагошки конфликт или постапка, интервјуирања, индивидуални разговори на педагошки теми, конституционална условеност - темперамент, општи способности, физичка конституција, осетливост на сетилата, способност на моториката, општа здравствена состојба, физичка кондиција и сл., се дошло до ставот дека и на овие простори е неопходна селекциона процедура и поставување на соодветни критериуми за упис на студенти кои ќе ја изберат оваа професија. Истакнати се следните критериуми: проверка на ликовните способности, резултати на тестот за педагошко-психолошки особини на личноста (елиминационо ниво), утврден долен праг на бодови на тест на културата, знаења и информираност, оцена на говорните способности (елиминаторно ниво) и процена на присуство на наркотични зависности (исто така, елиминаторско ниво). И во нашата земја последниве две години, навистина се размислува за конкретно одредување на критериумите за селекција, но и поттик, мотивација, надворешна, на кандидати кои ќе ја изберат оваа професија.

Поради одговорноста кон децата, родителите и заедницата, активноста на воспитувачот бара висока стручна подготовка, стекната преку формалното образование – иницијално, кое овозможува воспитувачот да ја добие базата, основата, темелот, но не може да ги обезбеди сите неопходни компетенции за ефикасна работа.

Иако последниве години се прават напори за промена на студиските програми за едукација на воспитувачи на наставничките факултети (се приговараше на нивната академска насоченост), согласно Болоњската декларација, согласно

современите трендови во едукацијата на воспитувачкиот кадар, сепак неопходни се, и понатаму, интервенции во насока на:

- Креирање на наставни планови и програми во кои посебно внимание ќе се посвети на понудата на задолжителни и изборни предмети (поголема понуда), нивниот сооднос. Во наставните планови за воспитувач тежиштето да се постави на содржини, посебно значајни за обликување на педагошката практика и начините како да се постапи во непосредните воспитни ситуации;

- Да се посвети внимание на распределбата на теоретската и практичната настава, да им се овозможи на студентите вклучување во разновидни истражувачки активности и секоја од тие активности да се вреднува врз основа на теоретското и практичното сознание кое ќе го стекнат;

- да им се понудат на студентите специјализации во конкретна од нив избрана област која ја посакуваат, е нивен интерес, која ќе е насока за нивниот професионален, но и кариерен развој;

- Понуда на постдипломски студии во насока на нивно усовршување.

Посебно значење и улога во едукацијата на наставниот кадар, покрај иницијалното, има и информалното образование – секојдневното, непланираното, самостојно иницираното кое се стекнува низ комуникација со луѓето, стручната литература, следењето на медиумите со емисии од едукативен карактер се во насока на лична изградба и развој, со цел поквалитетна практика и поинтересна, поинтересна работа во групата. Тука се и семинарите, обуките, средбите со колегите, размената на искуства кои се многу добар и непресушен извор на нови идеи за работа, совети за унапредување на практиката, преку разновидните форми и модели на професионален развој на воспитувачот.

*Професионалниот развој на воспитувачите*

Професионалниот развој на воспитувачите е процес кој се однесува на
Професионалниот развој на воспитувачите е процес кој се однесува на
Професионалниот развој на воспитувачите, кој придонесува за
континуиран развој на знаења, вештини и способности, кој придонесува за
континуиран развој на знаења, вештини и способности, кој води кон јакнење на
подобрување на квалитетот на практиката, кој води кон јакнење на
мотивацијата и развивање на системот на вреднување и самовреднување.
Професионалниот развој на воспитувачот се заснова на концептот на
конструкција на знаењето и уверување дека знаењето не може да се пренесе
но дека оној кој учи мора да го конструира тоа знаење низ сопственат
активност. Во процесот на професионален развој, воспитувачот мора да стан
партнер и да го гради сопствено размислување на база на наученото, да бид
оспособен како практичар да размислува и ја менува сопствената практика.
Креирањето на модели на професионален развој на воспитувачите е под силн
влијание на контекстот во кој се одвива истиот, како и на севкупната образовн
политика која ги одредува насоките и ги дефинира целите и принципите
предучилишното воспитание и образование, донесува законски и подзаконс
акти и ја дефинира улогата на воспитувачот внатре во тој систем. Навистин
во Нацрт-програмата за предучилишно воспитување, посебно место зазема
професионалниот развој на воспитувачкиот кадар. Континуирани
професионален развој не подразбира само создавање на услови и прилики
учење, тој подразбира оспособување на воспитувачите за саморефлекси
способност за анализа на сопствената практика и поставување на цели
развој. Постојат најразновидни модели на професионален развој, но ниту
еден не може да кажеме е овој е најдобар и само тој ќе го применува
Оттаму и си го поставуваме прашањето: Дали еднократните обуки
преовладуваат, се добри и дали истите не ги поставуваат воспитувачите

пасивна позиција, која не придонесува за развивање на горенаведените способности? Колку и да се софистицирани или понудени правците на промени што можат да бидат, или пак од нив не може ништо да биде, ако воспитувачот не ги сака, не ги прилагодува и не ги пренесува во ефективната практика.

Токму оттаму е неопходно, градинките и вработените, навистина да го проценат своите потреби и врз основа на анализа на постојната практика да изберат модел кој ќе биде ефикасен во тој контекст, а темите и содржините да се утврдат во согласност со анализа на состојбата и проценката на потребите.

Воспитувачот мора да биде во постојана интеракција со својата околина, да ги проверува ефектите од својата работа и да реализира мали акциони, микро и социометриски истражувања, кои ќе му послужат како основа за воведување на промени и прилагодување на специфичните услови и потреби на децата и семејството. На воспитувачот му е неопходна и повратната информација и постојаната професионална размена и дијалог, а не надворешната контрола и оценување, кое често може да е втемелено на одредени субјективни ставови.

Професионалниот развој, исто така, подразбира сложен динамички модел на соработка на најразлични институции (факултети, истражувачки институции, владини независни експерти во образованието на воспитувачите. Тимската работа на воспитувачите е исто така значаен дел на системот, културата и практиката.

Кои други прашања поврзани со професионалниот развој можат да се поткренат?

Прашањето за стандардите во образованието - како норми, обрасци, мерила, правила, дефинирани од страна на одреден авторитет, агенција или професионално тело, односно изјави кои се користат како основа за споредба или проценка на капацитетот квалитетот, вредноста или квантитетот, кои во нашата држава веќе постојат, но за кои е неопходна доедукација за нивна успешна имплементација.

Секој воспитувач во сите фази од својата кариера има потреба, но и обврска континуирано да учи и да се усовршува.

Само така сфатен и разбран, професионалниот развој, ќе води кон стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, развивање на вештините и способности кои се релеватни за успешност на севкупната работа со децата, ќе се овозможи воспоставување на квалитетен однос помеѓу вработени и квалитетен однос со родители и локална заедница, како и подготвеност за прифаќање на системските промени, нивна успешна примена, активно учество и иницијатитивност за спроведување на промените.

## *Наместо заклучок*

„Без оглед на тоа какво знаење поседуваш, не застанувај никогаш во учењето ни за момент, затоа што, знај, прекинување на учењето нема!“

Фердуси

*Литература:*

Гојков, и сар. (2006): *Циљеви – компетенције учитеља и васпитача*, Вршац: Виша школа за образовање васпитача

Gordon, T. (1998). *Kako biti uspešan nastavnik*, Kreativni centar, Beograd.

Hargreaves, D. (1995). *School culture, school effectiveness and school improvement, School effectiveness and school improvement*, Lisse Netherlands, 6 (1), 23-46.
Јанковић, П. (2007). Образовање и стручно усавршавање наставника, Сомбор: *Норма,* XII, а-2007, стр. 51-62
*Kvalitetno obrazovanje za sve: izazovi reforme obrazovanja u Srbiji*, Ministarstvo prosvete i sporta R Srbije, Beograd, 2004
Stoll, Louise i Fink, Dean (2000). *Mijenjajmo naše škole*, Zagreb:Educa
Sucević, V., Cvjetićanin, S., Sakač, M. (2011). Obrazovanje nastavnika i učitelja u europskom conceptu kvalitete obrayovanja zasnovan na kompetencijama, *Život i škola*, br. 25, god. 57, str 11-23
Todorov, N. (2010). Stručno usavršavanje učitelja. U: Soleša – Grijak, Đ. Soleša,D., (ur.): *Kompetencije vaspitača i učitelja za društvo znanja*. Beograd
Villegas-Reimers, E. (2001): *Jačanje obrazovanja nastavnika: nove strategije i dobra praksa, Harvard.*